# Политика за безбедност и здравје при работа на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

А1 Македонија како компанија која безбедноста и здравјето при работа на вработените ја става секогаш на прво место ја насочува својата политика на делување за постигнување на крајната цел : работни места без повреди и задоволни вработени на своите работни места .

При тоа компанијата ги зема предвид пред се корпорациските барања, меѓународните стандарди од областа на безбедноста и здравјето при работа и законската регулатива во Македонија . Компанијата се залага сите овие барања да бидат стопроцентно исполнети.

Компанијата ја исполнува заложбата за безбедни работни места со следните **главни точки на делување :**

- Усогласување со законските и подзаконските прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа
- Усогласување со процедурите за безбедност и здравје при работа на А1 Телеком Австрија Групацијата
- Почитување на одредбите на меѓународните стандарди за безбедност и здравје при работа и за заштита од пожари
- Интеракција помеѓу раководните лица за безбедност и здравје при работа и сите вработени , со цел максимално информирање за сите можни опасности во текот на работниот процес
- Изготвување на проценка на ризик за секое работно место , како мерка за максимална безбедност на вработените
- Постојана едукација на сите вработени со најновите сознанија од областа на безбедноста и здравјето при работа и заштитата од пожари

За да се вградат овие точки на делување во системот на компанијата, А1 Македонија ДООЕЛ Скопје ги превзема **следните чекори** :

- **Усогласување** со сите важечки законски и подзаконски прописи во Македонија и со европските директиви од областа на безбедноста и здравјето при работа
- **Примена** на политика за безбедност и здравје при работа на А1 Телеком АвстријаГрупацијата
- **Вршење** на повремени прегледи и испитувања на опремата и средствата за работа во рокови утврдени со законските барања, барањата на производителот на опремата.
- **Примена** на сите утврдени заштитни и превентивни мерки за безбедност и здравје при работа на работните места и работната средина согласно изготвената Проценка на ризик на работното место .
- **Обезбедување** на здравствени прегледи и следење на здравстената состојба на вработените согласно Правилникот за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи во Македонија

- **Обезбедување** на обука за безбедност и здравје при работа на сите вработени и проверка на знаењата на секоја трета година за работните места со зголемен ризик
- **Спроведување** на испитувања на физичките, хемиските штетности и микроклиматските услови во работните простории.
- **Спречување** на пожари со примена на најсовремени мерки и опрема за заштита од пожари
- **Имплементација** на мерки за електрична безбедност
- **Спречување** на инфекции со вируси , со примена на препораките на државните власти и меѓународните здравствени организации
- **Опремување** со лична заштитна опрема за сите вработени на работни позиции на кои опремата е предвидена со интерните акти
- **Вршење** на редовни контролни прегледи на системите за заштита од пожари и ПП апаратите
- **Давање** совети и писмени упатства за безбедно работење на вработените со зголемен ризик на работно место
- **Информирање** на посетителите и контракторите за неопходните мерки за безбедност и здравје при работа кои се применуваат во работните локации во компанијата
- **Спроведување** обуки за прва помош за вработените

Политиката за безбедност и здравје при работа ќе се проверува еднаш годишно од страна на Управниот Одбор на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје.

Скопје,март 2024

Извршен Директор
Методија Мирчев

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk